| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| • Музички инструменти и гласови (музика за пеење; музика за свирење; музика за пеење и свирење; диригент; хор и солист; музички инструменти: пијано, виолина; народни инструменти: тапан, шупелка, гајда; гласови: детски, женски, машки) | • Препознава пијано и виолина, визуелно и звучно.<br> | Февруари | **Воведни активности:**<br>Учениците играат игра: „Погоди го инструментот“. Во кутија се ставени слики од различни инструменти. Секој ученик извлекува слика и треба да го именува и опише инструментот што е на сликата. Потоа на учениците им се објаснува дека кога се слуша музика е потребно да седнат на своите места, да се смират, да ги затворат очите и да ја слушаат музиката. им објаснуваме дека секогаш треба да ја слушнат тишината пред да ја слушаат музиката. Слушаат звуци од пијано и виолина и треба да го погодат звукот од кој инструмент е. Се запознаваат со целта. (10 мин.)<br><br>**Главна активност:**<br>Учениците ја слушаат музиката https://www.youtube.com/watch?v=xV9e9rDsxOw – Григ: ***Танц на Анитра*** – класична музика,<br>Потоа наведуваат зборови со кои ја опишуваат бојата на тонот на инструментите пијано и виолина, па составуваат куси изрази и реченици за тоа како ја доживуваат музиката отсвирена од овие инструменти. (20 мин.)<br><br>**Завршна активност:**<br>Учениците ја изразуваат музиката преку литературна или ликовна творба. (5 мин.)<br><br>**Рефлексија:**<br>Што правевме денес? Како се чувствувавте? Каква е бојата на тонот на пијаното? Каква е бојата на тонот на виолината? (5 мин.) | • уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (ЦД И ДВД-уред, хај-фај уред, ТВ-приемник, компјутер со пристап до интернет, квалитетни звучници, ЛЦД-проектор, паметна табла)<br>• слики од инструменти<br>• кутија<br>• лист за цртање или пишување<br>• прибор за пишување<br>• прибор за боење | - усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br>- индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br>- практичната изведба во група. |

Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| • Музички инструменти и гласови (музика за пеење; музика за свирење; музика за пеење и свирење; диригент; хор и солист; музички инструменти: пијано, виолина; народни инструменти: тапан, шупелка, гајда; гласови: детски, женски, машки) | • Препознава народни инструменти: тапан, шупелка, гајда.<br><br> | Февруари | **Воведни активности:**<br>Учениците преку видеопрезентација се запознаваат со народните инструменти: тапан, шупелка и гајда. Се запознаваат со целта. (10 мин.)<br>**Главна активност:**<br>Наставникот демонстрира народна музика, а учениците ги препознаваат звукот и бојата на тонот на народните инструменти тапан, шупелка и гајда.<br>- https://www.youtube.com/watch?v=QeNSODMXZhk – Шупелка.<br>- https://www.youtube.com/watch?v=0xe-JMNpJ5w – Тапан 2 (сплет од македонски ора).<br>- https://www.youtube.com/watch?v=VtkpykI6q_w – Гајда, Последниот гајдаџија од Охрид.<br>(20 мин.)<br>**Завршна активност:**<br>Учениците ги илустрираат народните инструменти: тапан, шупелка и гајда. (7 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Кои музички инструменти се слушаат во народните песни и ора? Каков инструмент е тапанот? Каков инструмент е шупелката? Каков инструмент е гајдата? Каде ги имате слушнато овие инструменти? (5 мин.) | - Презентација<br>- уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (ЦД И ДВД-уред, хај-фај уред, ТВ-приемник, компјутер со пристап до интернет, квалитетни звучници, ЛЦД-проектор)<br>- хартија<br>- прибор за боење<br> | - усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br>- индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br>- практичната изведба во група. |

Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и дата на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| • Музички инструменти и гласови (музика за пеење; музика за свирење; музика за пеење и свирење; диригент; хор и солист; музички инструменти: пијано, виолина; народни инструменти: тапан, шупелка, гајда; гласови: детски, женски, машки) | • Препознава народни инструменти: тапан, шупелка, гајда.<br> | Февруари | **Воведни активности:**<br>Учениците се поделени во групи. Пред секоја група се поставени слики со музички инструменти. Учениците слушаат аудио записи од музички инструменти. Кога ќе го слушнат звукот ја креваат сликата со музичкиот инструмент кој го слушаат. Се запознаваат со целите. (8 мин.)<br><br>**Главна активност:**<br>Наставникот демонстрира народна музика, а учениците ги препознаваат звукот и бојата на тонот на народните инструменти тапан, шупелка и гајда.<br>https://www.youtube.com/watch?v=QeNSODMXZhk – Шупелка.<br>https://www.youtube.com/watch?v=xvX2d1kg2h8 – Српске гајде (српски гајди) – ***Власинка.***<br>https://www.youtube.com/watch?v=HLCWvMJUdgA – Тапан, Србија, ***Јабука*** 7/8 такт. (20 мин.)<br><br>**Завршна активност:**<br>Учениците ја придружуваат слушаната музика со плескање со рацете, удирање со стапчиња, тропање и сл. (7 мин.)<br><br>**Рефлексија:**<br>Кои музички инструменти се слушаат во народните песни и ора? Каков инструмент е тапанот? Каков инструмент е шупелката? Каков инструмент е гајдата? Каде ги имате слушнато овие инструменти? (5 мин.) | - Презентација<br>- уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (ЦД И ДВД-уред, хај-фај уред, ТВ-приемник, компјутер со пристап до интернет, квалитетни звучници, ЛЦД-проектор)<br>- стапчиња<br>- слики со музички инструменти | - усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br>- индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br>- практичната изведба во група. |

Дневни сценарија по музичко образование Февруари

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| • Музички изразни средства (мелодија, ритам, метар, бавно – брзо – умерено, високи/ниски тонови, гласно – тивко) | • Разликува аудитивни контрасти (високо – ниско, кратко – долго, бавно – брзо – умерено, гласно – тивко). | Февруари | **Воведни активности:**<br>Учениците следат слики преку кои ги воочуваат аудитивните контрасти (високо – ниско, кратко – долго, бавно – брзо – умерено, гласно – тивко). Штом ќе ја слушнете музиката започнете со движење. Учениците го следат темпото на музиката. Кога е бавно се движат бавно, кога е брзо се движата брзо: (во музиката постои брзо, бавни и умерено темпо) https://www.youtube.com/watch?v=HwoXD_RVETg. Се запознаваат со целта (8 мин.)<br><br>**Главна активност:**<br>- Учениците слушаат музика:<br>https://www.youtube.com/watch?v=lp6z3s1Gig0 – ***Пинк Пантер*** – музика.<br>https://www.youtube.com/watch?v=iqK9I0W5TSY – Анимација со музиката од Бетовен, симфонија, ***Пасторална бр.6*** – музика за свирење.<br>По слушањата музика ги разликуваат аудитивните контрасти (високо – ниско, кратко – долго, бавно – брзо – умерено, гласно – тивко). (20 мин.)<br>**Завршна активност:**<br>Учениците играат музичка игра: Се поставуваат столчиња за едно помалку од бројот на ученици. Се пушта музика, учениците се движат по музиката околу столчињата. Кога музиката ќе сопре сите седнуваат на столчињата. Еден ученик нема место за седнување и тој излегува од играта, а со него се трга и едно столче. Победник е оној кој ќе остане последен. (7 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што слушнав? Каков вид на музика е? Музиката е: брза, бавна, умерена ... Кои инструменти се слушаат? (5 мин.) | - Презентација<br>- уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (ЦД И ДВД-уред, хај-фај уред, ТВ-приемник, компјутер со пристап до интернет, квалитетни звучници, ЛЦД-проектор)<br>- столчиња<br>- слики | - усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br>- индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br>- практичната изведба во група. |












Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk